Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PROKURORIA PUBLIKE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-453/2
06.07 2022 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 25 став 1 од Законот за јавно обвинителство („Службен весник на РСМ" 42/20) и член 28 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на РСМ" 42/20), Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, донесува

# ПОЛИТИКА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

**Цел**

**Член 1**

Со оваа Политика се предвидува создавање на соодветен систем за заштита на личните податоци во јавните обвинителства (Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства и основните јавни обвинителства), во својство на Контролори, со цел да се обезбеди безбедност и заштита на обработката на лични податоци.

**Обработка на лични податоци**

**Член 2**

Одредбите од оваа Политика се однесуваат на:

- целосно или делумно автоматизирана обработка на личните податоци
- рачна обработка на личните податоци

**Збирки на лични податоци**

**Член 3**

Во јавните обвинителства се обработуваат следните збирки и категории на лични податоци:

- податоци потребни за кривично-правна обработка,

- податоци потребни за остварување на права од работен однос и за реализација на договорни обврски,
- податоци од видео надзор,
- податоци поврзани со пристап на веб страницата на Јавното обвинителство.

**Член 4**

Заради кривично-правна обработка при постапувањето во конкретни предмети од член 3 алинеја 1 на оваа Политика, јавните обвинителства ги обработуваат сите податоци неопходни за потребите на кривично-правната постапка.

**Член 5**

За остварување на права од работен однос и за реализација на договорни обврски од член 3 алинеја 2 на оваа Политика, јавните обвинителства од субјектите може да ги собираат, обработуваат и чуваат следните лични податоци:

- име и презиме на лице или назив на правно лице,
- живеалиште и адреса,
- адреса за електронска пошта и телефон за контакт,
- датум и место на раѓање,
- единствен матичен број/единствен даночен број,
- трансакциска сметка,
- податоци за образование, пол и национална припадност,
- податоци за претходен стаж,
- податоци за здравствена состојба,
- податоци за отсуства од работа,
- податоци за евиденција на работно време,
- податоци за годишни и периодични оценки,
- податоци за поведени дисциплински постапки,
- други податоци неопходни за остварување на права од работен однос и за реализација на договорни обврски согласно соодветните законски прописи.

Пред почетокот на прибирањето и обработката на податоците од овој член, субјектот потпишува Изјава за согласност за користењето на личните податоци.

Обработувањето на личните податоци од овој член се врши во хартиена и електронска форма во организационите единици во чија надлежност се финансиските прашања и менаџментот со човечките ресурси на јавните обвинителства.

Во електронска форма податоците се чуваат во електронски систем, додека во хартиена форма се чуваат во простории за чување на документацијата, согласно прописите за архивска граѓа и архивско работење.

## Член 6

Со цел да се контролира пристапот и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените и странките во јавните обвинителства, како и на имотот и информациите што се лоцирани или се чуваат во просториите на јавните обвинителства, јавните обвинителства вршат видео надзор над службените простории. Податоците од видео надзорот согласно член 3 алинеја 3 од оваа Политика опфаќаат видео снимки од извршениот видео надзор.

Камерите за видео надзор се инсталираат надворешно и во внатрешноста на објектот во кој е сместено обвинителството и се поставени со фокус да се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории.

Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). Пристап до видео записите може да имаат само овластените лица за видеонадзор.

Контролорот ги чува видео снимките најмногу 30 календарски дена, по што снимените видеозаписи автоматски се бришат.

## Член 7

За да обезбедат транспарентност на работата, јавните обвинителства ја информираат јавноста за донесените акти и одлуки преку веб страницата на Јавното обвинителство (https://jorm.gov.mk). При пристапот на веб страницата, се прибираат и обработуваат лични податоци предвидени во член 3 алинеја 4 од оваа Политика.

За секој поединечен пристап на определен дел на страницата, автоматски се врши евидентирање со запис во логови на веб-серверот на податоци за:

- IP адреса и технички детали за точната адреса од интернет страницата на која е пристапено,
- прелистувач од кој е пристапено,
- датум и време на пристапот на интернет страницата.

Рокот за чување на овие записи изнесува два месеци.

На интернет страницата се собираат и податоци со помош колаче (cookie) што се запишуваат на компјутерот на субјектот на лични податоци. Целите и начинот на користењето на колачето е согласно условите во Политиката за користење на колачиња.

Интернет страницата користи услуга на трета страна - Google Analytics со цел да се соберат стандардни информации за пристапот и детали за однесувањето на посетителите, но на начин без да може некој да биде идентификуван, ниту е

овозможено Google да го открие идентитетот на оние кои ја посетиле интернет страницата.

При посета на интернет страницата се собираат и обработуваат лични податоци кои субјектите доброволно ги доставуваат, а што се неопходни заради користење на конкретни услуги преку порталот за поставување новинарски прашања директно до Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство. При користење на услугата доброволно се доставуваат следниве податоци за идентификација и за контакт:

- име и презиме,
- медиум,
- контакт телефон,
- адреса за електронска пошта.

Собраните лични податоци при користење на поединечната електронска услуга не се чуваат на интернет страницата, туку преку електронска порака се испраќаат до одговорни службени лица во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и се обработуваат согласно закон.

**Офицер за заштита на личните податоци**

**Член 8**

Согласно Законот за заштита на личните податоци, секое јавно обвинителство определува службено лице – Офицер за заштита на личните податоци. При назначувањето, на Офицерот за заштита на личните податоци му се издава копија од одлуката за определување во која се наведуваат работите што треба да ги врши согласно закон.

Офицерот за заштита на личните податоци се определува врз основа на неговите стручни квалификации, а особено врз основа на стручни знаења за легислативата и практиките во областа на заштитата на личните податоци, како и неговата способност да ги извршува работите наведени во членот 43 од Законот за заштита на личните податоци.

За офицер за заштита на личните податоци се определува лице, кое:

- ги исполнува условите за вработување определени со закон,
- активно го користи македонскиот јазик,
- во моментот на определувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има завршено високо образование и
- има стекнати знаења и вештини по однос на практиките и прописите за заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци директно одговара пред јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство. Офицерот за заштита на личните

податоци не може да биде сменет или казнет за извршувањето на работите за заштита на личните податоци. Јавните обвинителства се должни да гарантираат дека Офицерот за заштита на личните податоци нема да добива никакви упатства спротивни на интересот за заштита на лилчните податоци од највисокото раководно ниво во однос на извршувањето на неговите работи.

Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон. Офицерот за заштита на личните податоци може да врши и други задачи и должности. Јавното обвинителство е должно да обезбеди дека таквите задачи и должности не доведуваат до судир на интереси.

Јавните обвинителства се должни да обезбедат поддршка на Офицерот за заштита на личните податоци при извршувањето на работите наведени во членот 43 од Законот за заштита на личните податоци. Под поддршка се подразбира обезбедување на ресурси неопходни за извршување на работите во негова надлежност и пристап до личните податоци и операциите на обработка, како и одржување на неговото стручно знаење.

Јавните обвинителства се должни да обезбедат Офицерот за заштита на личните податоци навремено и на соодветен начин да биде вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

Јавните обвинителства ги објавуваат контакт податоците за Офицерите за заштита на личните податоци јавно на веб страницата на Јавното обвинителство (https://jorm.gov.mk).

Субјектите на личните податоци може да го контактираат офицерот за заштита на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според Законот за заштита на личните податоци.

**Документација за заштита на личните податоци**

**Член 9**

Согласно оваа Политика, системот за заштита на личните податоци на јавните обвинителства ги содржи следните интерни акти:

- Процедура за начинот на остварување на права на субјектите на личните податоци,
- Изјава за приватност за секоја од воспоставените збирки на податоци поединечно,
- Правилник за начинот на вршење видео надзор во Јавното обвинителство на Република Македонија,
- Евиденција на лица овластени да вршат обработка на лични податоци во јавното обвинителство,
- Правила за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и повторно враќање на зачуваните лични податоци,

- Правилник за документирање на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, пријавување, реакција и санирање на инциденти,
- Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема, како и Овластување за администратор на информацискиот систем,
- Правила за начинот и постапката на користење и располагање со информатичкиот систем што содржи лични податоци,
- Упатство за распоред на работното време и начинот на евидентирање на отсуства на јавните обвинители, јавнообвинителските службеници и вработените кои вршат административно-технички и помошни работи во сите јавни обвинителства,
- Акти со утврдени рокови на чување на различните категории лични податоци во јавните обвинителства,
- Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

Офицерот за заштита на личните податоци во секое обвинителство врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување нови интерни акти или за измена и дополнување на постојните со цел нивно усогласување со законската регулатива.

**Периодични контроли**

**Член 10**

Со цел проверка на системот за заштита на лични податоци, Офицерот за заштита на лични податоци на годишно ниво изготвува Годишен план за периодични контроли на одредени делови на системот и му го предлага на јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство.

Годишниот план за периодични контроли на системот за заштита на лични податоци го носи јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство најдоцна до 01 февруари во календарската година.

За предвидените периодични контроли согласно Годишниот план, јавниот обвинител на соодветното обвинителство формира комисија која е составена од тројца вработени во соодветното јавно обвинителство. Офицерот за заштита на лични податоци задолжително е член на комисијата.

Комисијата изготвува извештај по секоја периодична контрола, најдоцна во рок од 10 работни дена по извршената контрола, и истиот го доставува до Јавниот обвинител на јавното обвинителство.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 11**

Техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци се уредени со посебен правилник.

Оваа политика влегува во сила со денот на нејзино донесување.

Јавен обвинител
на Република Северна Македонија
**Љубомир Јовески**